РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-2936/2

12 -11- 2019

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 23 - та седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2936/1 од 30.05.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2936/1 од 30.05.2019 година.

Предметот со број 09-2936/1 од 30.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2936/1 од 30.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против претседател на регионална комора во Битола.

Во пријавата е наведено дека претседателот на регионалната комора со секое негово дејствие ги игнорирал потребите на членовите на комората, а исто така вработил блиско лице (ќерка) во ова организација без соодветно образование и никаква друга стручна квалификација.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека вработените во стручната служба на занаетчиските комори немаат статус на избрани, именувани и службени лица од јавениот сектор и во пријавата нема доволно елементи дека од страна на незадоволните членови од комората се искористени можностите за изразување и пријавување на незадоволство и евентуални противзаконски дејствија во согласност со Законот за занаетчиство.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk